РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец април 2024

Мај, 2024

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ... 1
Испит за административно управување ... 1
Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ... 1
Соработка со други институции и меѓународна соработка ... 3
Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ... 3
Јавни набавки ... 4
Реализација на буџет ... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), а согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 37/2024), и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 37/2024), **започнатите постапки за вработување на административни службеници се ставаат во мирување.**

# Испит за административно управување

Во текот на месец април 2024 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 23 кандидати. Од нив на испитот се појавија 8 кандидати од кои испитот го положиле 5 кандидати (87%), а не го положиле 3 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 14 се вработени во јавен сектор, 7 во приватен сектор и 2 невработени лица.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 23 | 8 | 5 | 3 | 14 | 7 | 2 |

*Табела 1. Административно управување април 2024*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец април 2024 година беа поднесени 50 жалби и приговори на административните службеници, од кои 17 жалби и приговори на државните службеници и 33 жалби на јавните службеници.

Во месец април во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 7 седници, на кои беше одлучено по 36 жалби и приговори, од кои 29 жалби и приговори на државните службеници и 7 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 33 предмети од месец април преминуваат во месец мај 2024 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 29): одбиени се 5 жалби, уважени 15, отфрлени 3, мериторно уважени 4, мериторно одбиена е 1 (една) жалба и 1 (една) е повлечена од подносител

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 7): одбиени се 2 жалби, уважена е 1 (една) жалба и отфрлени се 4 жалби.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 17 | 33 | 29 | 7 | 15 | 1 | 5 | 2 | 3 | 4 | / | / | 1 | / | / | / | 4 | / | 1 | / | / | / |

*Табела 2. Обработени жалби во април 2024*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец април 2024 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 13 предмети од кој 1 се однесува на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 12 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија (2); Управен суд (3); Основен суд Битола (1); Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (1); Државен управен инспекторат (1); Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Штип (1); Јавно препријатие Нискоградба Охрид-Охрид (1); административен службеник (2).

Во текот на месец април 2024 година, вработени од Агенцијата присуствуваше на:

- Присуство на обука за корисниците на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари (АКстатс), одржана на 11.04.2024 година, организирана од Министерство за правда.

-Преставник од Агенција учествуваше на работна посета на Националниот институт за јавната администрација во Лисабон, Португалија. Истата се реализира во период од 22.04.2024 година до 24.04.2024 година, организирана од РеСПА.

-Присуство на обука на вработени за користење на алатка за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавна администрација, одржана на 18.04.2024 година , организирана од МИОА.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 22 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 4 електронски пораки, а за 18 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец април 2024 година, донесени се 6 Одлуки за јавни набавки и објавени се 4 огласи на ЕСЈН, донесени се 4 Одлуки за избор и склучени се 2 Договори за јавни набавки со вкупна вредност од 319.000,00 без ДДВ или 376.880,00 со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 6 | 4 | 4 | 2 |

*Табела 3. Јавни набавки април 2024*

# Реализација на буџет

Во месец април 2024 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2024година | Реализација на буџетот до 30.04.2024 | Реализација на буџетот од 01.04.2024 – 30.04.2024 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 26.987.000,00 | 8.577.923,00 | 2.209.522,00 | 18.409.077,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 10.256.000,00 | 3.335.856,00 | 859.244,00 | 6.920.144,00 |
| *404-надоместоци* | 616.000,00 | 0,00 | 0,00 | 616.000,00 |
| *414 – капитални резерви-купување на опрема и машини* | 97.500,00 | 0,00 | 0,00 | 97.500,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 60.000,00 | 0,00 | 0,00 | 60.000,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.070.000,00 | 1.007.904,00 | 187.324,00 | 2.062.096,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 400.000,00 | 99.892,00 | 22.232,00 | 300.108,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 1.500.000,00 | 286.756,00 | 24.778,00 | 1.213.244,00 |
| 425-договорни услуги | 1.600.000,00 | 425.023,00 | 225.957,00 | 1.174.977,00 |
| 426-други тековни расходи | 300.000,00 | 24.431,00 | 2.128,00 | 275.569,00 |
| 464-разни трансфери | 176.000,00 | 77.202,00 | 0,00 | 98.798,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 552.500,00 | 0,00 | 0,00 | 552.500,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 2.360.000,00 | 924.466,00 | 126.000,00 | 1.435.534,00 |
| ВКУПНО | 47.975.000,00 | 14.759.453,00 | 3.657.185,00 | 33.215.547,00 |

*Табела 4. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*